VOLUNTEERing
ILLAWARRA

# ПЛАН ШТО ДА СЕ ПРАВИ ВО ИТЕН СЛУЧАЈ

## 1. ОПАСНОСТ

- Проверете дали постои некоја опасност за вас, набљудувачите и повреденото лице, на пример, плин, оган, струја, вода, предмети кои паѓаат, итн.

- Ако постои некаква опасност, мора да направите една од следните две работи:
  - да ја отстраните опасноста од повреденото лице
  - да го оддалечите повреденото лице од опасноста

## 2. РЕАКЦИЈА

- Дали повреденото лице е при свест? За да го проверите тоа, викнете:
  "Можеш ли да ме слушаш?"
  "Отвори ги очите."
  "Како се викаш?"

- Протресете го повреденото лице нежно по раменици. Внимавајте да не го повредите уште повеќе.

**Ако има реакција, повреденото лице е при свест**
- Погрижете се за крвавењето и повредите.

**Ако нема реакција, повреденото лице е во несвест.**
- Проверете ги дишните патишта.

## 3. ДИШНИ ПАТИШТА

- Ако повреденото лице е во несвест, тогаш дишните патишта може да се стеснати или затнати. Ова го отежнува или спречува дишењето.
- Проверете ги дишните патишта, без да го помрднувате повреденото лице.
- Ако има крв, повраќање, или предмети, на пример, скршени вештачки вилици, избришете му ја устата со прстот, после тоа **веднаш** свртете го повреденото лице **во стабилна странична положба**.

## *СТАБИЛНА СТРАНИЧНА ПОЛОЖБА (положба за соземање/закрепнување)*

- Клекнете покрај повреденото луце
- Ставете ја пооддалечената рака на повреденото лице под прав агол со телото
- Ставете ја поблиската рака преку градниот кош
- Префрлете го поблиското колено преку пооддалечената нога
- Свртете го повреденото лице од вас настрана
- Наведнете му ја главата наназад



1. A.D.A.M.



2. A.D.A.M.



3. A.D.A.M.

4. **ПОБАРАЈТЕ ЛЕКАРСКА ПОМОШ** колку што можете побрзо.

- Испратете ги набљудувачите или роднините по лекарска помош.
- Ако нема никој друг, прво проверете го повреденото лице (1-3 чекор) пред да побарате помош.

***ТЕЛЕФОНИРАЈТЕ ЗА АМБУЛАНТНО ВОЗИЛО***

- Бирајте 000 (или од мобилен телефон - бирајте 112)
- Побарајте да дојде амбулантно возило
- Кажете му ги на телефонистот од ургентниот центар следните работи:

  - за каков видот на незгода станува збор (пожар, сообраќајна незгода, итн.)
  - точната локација (улица, број, држава)
  - колку лица се повредени
  - за какви повреди се работи
  - кога отприлика се случила незгодата

- Прашајте за колку време се предвидува да пристигне амбулантното возило

